МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА
ФЕДЕРАЦИЈА

**www.basketball.org.mk**

# ПРАВИЛНИК

**За натпреварувањата во**

# КОШАРКАРСКИОТ КУП

На Република Македонија

Скопје, Декември 2018

**МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

**Адреса:**
**Ул. Македонија број 11А**
**Поштенски Фах 318**
**1000 Скопје**

**Тел/факс: 02/ 2461-644, МКФ**
**Тел/факс: 02/ 24-61-541, Здружение - сениори**
**Тел/факс: 02/ 24-61-715, Здружение - млади**

**Генерален секретар на МКФ**
**Моника Гавриловска**
monika.gavriloska@basketball.org.mk

**Комесар за натпреварување на МКФ**
**Владо Цветковски**
vlado.cvetkovski@basketball.org.mk

**Технички секретар на МКФ**
**Соња Спасовска**
*sonja.spasovska@basketball.org.mk*

**Технички секретар за сениорски натпреварувања на МКФ**
**Горан Трпушевски**
*goran.trpusevski@basketball.org.mk*

**www.basketball.org.mk**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Натпреварите за Куп на Република Македонија се играат согласно службените кошаркарски правила на ФИБА, Правилникот за натпреварување на МКФ и Пропозициите за натпреварување на МКФ и дисциплинскиот правилник на МКФ.

1.2. Екипата домаќин која нема сала што ги задоволува условите и техничката опременост согласно Пропозициите за натпреварување, ќе мора да обезбеди таква сала каде ќе биде организатор - домаќин на натпреварот.

1.3. Екипите од Прва Лига мажи и Прва Лига жени **се обврзани** да настапуваат во Куп натпреварите. Останатите сениорски екипи имаат право на настап доколку се пријават во утврдениот рок со пријава за учество.

1.4 Екипа која ќе откаже да се вклучи во Куп натпреварувањето пред неговиот почеток ќе биде казнета со парична казна во висина од 60.000 денари.

1.5. Екипа која ќе се откаже од учество од Купот во текот на самото натпреварување, ќе биде казнета со парична казна во износ од 60.000 денари и со одземање на шест (6) бода од бодовното салдо, стекнато во тековната натпреварувачка сезона во лигата во која таа екипа се натпреварува.

1.6. Двојките во пред-натпреварите се утврдуваат врз основа на пласманот на екипите од тековниот дел на првенството во натпреварувачката сезона, а за Финалниот турнир двојките се одредуваат со жребување. Бројот на екипите -двојките што ќе учествуваат во пред-натпреварите се утврдува од Комесарот за натпреварување, така што по најкус пат да се дојде до потребниот број на екипи за Финалниот турнир.

За жребување на двојките за Финалниот турнир (со 8 екипи) ,**екипите се распоредуваат во две групи по четири (4) екипи според пласманот од првиот дел на првенството во тековната натпреварувачка сезона,** така што екипа од едната група игра против екипа од другата група.

**ВАЖНО!!! За екипите кои ќе настапат на четвртфиналните натпревари, се применува член 13.3 од Пропозициите за натпреварување, право на настап на странски играч, т.е. 2(два) странски играчи на терен во текот на целиот натпревар. За полуфиналниот и финалниот натпревар, дозволено е екипите да настапат со 3(три) странски играчи на теренот во текот на целиот натпревар.**

Во случај да една или повеќе екипи играат две меѓународни натпреварувања истовремено и по основ на тоа се ослободени од натпреварување во првиот дел од домашната лига, истите ќе бидат рангирани во првата група.

За жребување на полуфиналните двојки за Финалниоттурнир (со 4 екипи), **носители се првопласираната и второпласираната екипа од првиот дел од првенството**, кои не можат да играат меѓусебе до финалето.

1.7. Терминот за одигрување на Финалниот турнир за мажи и жени го одредува Управниот Одбор на МКФ, на предлог на Комесарот за натпреварување - вклучен во календарот за претстојната сезона.

1.7.1. Бројот на екипи кои ќе играат на Финалниот турнир во Кошаркарскиот Куп на Македонија, термините и начинот на натпреварување во сениорските (машка и женска), како и во младинските (машка и женска) конкуренции, го утврдува Управниот одбор на МКФ за секоја сезона посебно.

1.7.2. Препорака на Управниот Одбор на МКФ е финалниот натпревар на Финалниот турнир да се игра во сабота и недела, согласно на тоа, да се одредат и другите натпреварувачки денови.

1.7.3. Организаторот на Финалниот турнир во Кошаркарскиот Куп на Македонија, **се одредува по пат на јавен конкурс**, на кој можат да учествуваат сите кошаркарски клубови, правни и физички лица и други субјекти.

УО на МКФ го задржува правото да ги одвои во посебни Финални турнири, турнирите во машка сениорска, женска сениорска и младинска конкуренција.

Условите за добивање на организација ги одредува Управинот Одбор на МКФ. Канцеларијата на МКФ има обврска јавно да го објави конкурсот за организатор. Доколку има повеќе од еден пријавен субјект, тогаш организаторот се добива по пат на јавно наддавање - лицитација, на која учествуваат сите пријавени субјекти, кои до моментот на лицитација уплатиле 10% од пропишаната почетна цена за добивање на организацијата.

Лицитацијата за добивање на организаторство е јавна. Лицитацијата ја води лице од канцеларијата на МКФ. Победник на лицитацијата е субјектот кој ќе понуди најголем износ за организација.

Победникот на лицитацијата во рок од 48 часа треба да ги презентира местото и условите за организација, како и да го уплати остатокот од 90% од излицитираната сума.Доколку победникот не ја уплати излицитираната сума во предвидениот рок, го губи правото на 10% од пропишаната почетна цена за добивање на организацијата. Откако канцеларијата на МКФ ќе констатира дека победникот на лицитацијата ги исполнил условите за организација, потпишува договор со субјектот, во кој се опишани правата и обврските на субјектот и МКФ. Доколку субјектот не ги исполнил техничките и други услови за организација, можноста за организацијата на Финалниот турнир, по ист принцип,му се понудува на субјектот кој понудил втор најголем износ за организација.

МКФ го задржува дискреционото право да не ја додели организацијата на Финалниот турнир, доколку победникот во организацијата или единствениот пријавен не задоволува некој од условите или нема капацитет да го организира турнирот.

Доколку никој не се пријави на конкурсот за организација, Финалниот Куп турнир го организира МКФ, во согласност со овој Правилник.

## 2. ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

2.1. Во елиминациите за Финалниот турнир, екипата домаќин на натпреварот ги сноси трошоците за одигрување на натпреварот, како и патните трошоци и надоместоците за врше-ње на должност на службените лица, помошните судии и статистичарите, кој е различен и зависи од степенот на разигрувањето во Куп-натпреварите.

2.2. Патните трошоци и надоместокот за вршење на должноста службени лица, помошни судии и статистичари на натпреварот ги исплатува организаторот. Дозволено е таксата и патните трошоци за наведените лица да бидат уплатени на жиро-сметка на соодветното Здружение на клубови, или на трансакциска сметка на официјалните лица. Вкупната сума на уплата во ваков случај, ќе биде зголемена за даноците и другите давачки кон финансиските и други институции.

2.3. Надоместоците за вршење на должност на службените лица, помошните судии и статистичарите и патните трошоци во Куп-натпреварувањето ги одредува УО на МКФ на предлог на Комесарот за натпреварување во сениорски и младински лиги за секоја сезона посебно.

**Таксите во пред-натпреварите (елиминациите) од Младинскиот Куп се идентични како и во соодветните младински лиги во тековната сезона.*

## 3. УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАЛНИОТ КУП ТУРНИР

3.1. Организаторот е должен да обезбеди сала според стандардите на ФИБА Европа за организација на турнирнирски систем на натпревари. Салата мора да има посебно обележена вип -ложа, посебно обележана трибина за тимовите (на која ќе може да пристапи само со акредитација),просторија за прес-конференции, како и интернет покриеност за потребитенамедиумите(њирелесс или ЛАН) и за видео-пренос (видео ливе-стреаминг)ЛАН-интернет со минимална УПЛОАД-брзина од 3Мб.

Организаторот е должен да обезбеди по 20 (дваесет) акредитации за секоја екипа учесник на Финалниот Куп турнир. Организаторот е должен да додели на МКФ 20 (дваесет) вип-карти за ложа за секој натпревар поединечно и да додели по 6 (шест) вип-карти за ложа за секој клуб кој настапува на одредниот натпревар.

За финалниот натпревар на Финалниот турнир, организаторот треба да обезбеди 10 (десет) вип-карти за ложа за државен протокол. На финалниот натпревар, организаторот е задолжен на паузата за полувремето да обезбеди вип-коктел.

3.2 Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да обезбеди хотелско сместувањена база полн пансион и патни трошоци (ако турнирот е надвор од Скопје) за 6(шест) лица назначени од канцеларијата на МКФ и официјалните лица номинирани од Техничкиот комитет, за време на одржување на турнирот, заради техничко-натпреварувачко водење и надгледување на системот на натпревари и организацијата.

3.3. Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да ги сноси сите трошоци за надомест и патни трошоци на службените лица, помошните судии и статистичарите за сите натпревари.

3.4. Организаторот на Финалниот Куп турнир е должен да соработува со МКФ во Спроведувањето на правилата, пропозициите и одредбите за организација на турнирот. Организаторот е должен да добие одобрение од канцеларијата на МКФ за протокол-листата за доделување на пехарите и медалите за учесниците.

## 4. ОБВРСКИ И ПРАВА НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ФИНАЛНИОТ КУП ТУРНИР

4.1. Организаторот има право да оствари приход од продадени билети на сите натпревари по цена што самиот организатор ја одредува.

4.2. Организаторот има право на комерцијален простор од 50% во ТВ преносите, на 12 банери со димензии 1x3 метри околу теренот, брендирање на апликации во трите круга (еден централен круг и два круга кај линијата за слободни фрлања) и дополнителни четири апликации на терен и под двата коша, кои нема да ги попречуваат линиите за игра на кошаркарскиот терен.

4.3. Организаторот има право да организира наградни игри и промоции за време на натпреварите.

За комплетниот маркетинг и брендирање, организаторот претходно треба да ја информира канцеларијата на МКФ за согласност.

4.4. Организаторот има обврска да овозможи пристап на ТВ екипа за вршење телевизиски преноси со сите адекватни приклучоци.

4.5. Организаторот има обврска да обезбеди простор за 12 банери околу теренот за потребите на Македонската Кошаркарска Федерација.

4.6. Организаторот има обврска да обезбеди адекватна редарска служба, како и присуство на припадници на Министерството за Внатрешни Работи, амбулантно и противпожарно возило, согласно законот за спречување насилство на спортските терени и пропозициите за натпреварување.

4.7. Организаторот е должен да обезбеди канцеларија за работа на претставниците на МКФ и техничката комисија 24 часа пред почетокот на Финалниот турнир, за време на одржување на Турнирот и 24 часа по завршувањето на Турнирот.

МАКЕДОНСКА
КОШАРКАРСКА
ФЕДЕРАЦИЈА

Скопје, Декември 2018

Претседател
Петар Наумоски